Врз основа на член 11 и 17-в од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 36/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 38/91, 23/91, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), а согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија под бр. 113/2022 од 21.03.2023 година, објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 65/23), Градоначалникот на Општина Богданци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на плата на Градоначалникот**
**на Општина Богданци**

1. На **Блаже Шапов** од Богданци, избран за Градоначалник на Општина Богданци му се пресметува плата согласно закон и тоа:

-Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика по коефициент од 2,70.

-Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за исплата на плата од 23.03.2023 година.

***О б р а з л о ж е н и е***

Според член 11 од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Според член 17-в од истиот Законот коефициентот за утврдување на платата на Градоначалникот на општините до 10.000 жители, како што е Општина Богданци, изнесува 2,70.

Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија под бр. 113/2022 од 21.03.2023 година, објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 65/23), платата на Градоначалникот треба да се усогласи од денот на објавување на одлуката во Службен весник на РСМ од 23.03.2023 година.

Врз основа на горе изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Бр.** 09-820/1
26.05.**2023 год.**
**Богданци**

**Градоначалник**
**на Општина Богданци,**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК БОГДАНЦИ ОПШТИНА БОГДАНЦИ